**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.10.00.УП.001.05-ОБ.05.05

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе :

# О Д Л У К А

## за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за јавна набавка на услуга " **Одржување на рампи** ", спроведена со отворена постапка со објавување на оглас број 23/2018, се ПОНИШТУВА, согласно член 169 став 1 алинеја 6 од Законот за јавни набавки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, директорот на Царинската управа, донесе Одлука за јавна набавка на услуга " **Одржување на рампи** ", број 05-057549/18-0002 од 06.11.2018 година.

Потребните средства во вкупен износ од 2.100.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа на следниов начин:

- средства во износ од 700.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 година, раздел 09003, сметка 637, програма 22, ставка 424;
- средства во износ од 700.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003, сметка 637, програма 22, ставка 424.
- средства во износ од 700.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2021 година, раздел 09003, сметка 637, програма 22, ставка 424.

Набавката се спроведе со отворена постапка со објавување на оглас број 23/2018, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 64 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, Комисијата за јавни набавки изготви и до одговорното лице достави Извештај од спроведена постапка 05-057549/18-0014

од 11.12.2018 година, со кој предлага поништување на предметната јавна набавка, согласно член 169 став 1 алинеја 6 од Законот за јавни набавки, понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот и особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,

М-р Гоко Танасоски

Бр. 05-057549/18-0016

Скопје, 12.12.2018 год.

12. 12. 2018

Доставено во оригинал до:

- Претседател на комисија за јавни набавки
- Архива
- Предмет

Доставено преку ЕДМС до:

- Претседател, членови и заменици членови на комисија,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска

Одобрил: Мирјана Станоева

Согласен: